# 111. КАЖИ, МОМЕ, ВИСТИНАТА

**Рубато** ♩= 90




Кажи, моме вистината,
љубиш ли ме, мамиш ли ме,
ил' сос мен' се подиграваш
да ти мине времето.

Сношти мина покрај вази,
тебе, моме, не те видов,
срце ми се растрепери,
почна солзи да ронам.

Сечи, моме, руси коси,
прави скала да се качам,
да ти видам бело лице
и рудото ти грло.

Ах, да можам да разберам
була ли си, ил' Гркиња,
ил' си, моме, Македонка,
та си толку убава.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995